## Промоција на книгата:

## „ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ПАТНАТА И ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА".

**11-ти јуни, 2009 година**

На иницијатива на **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи „ОХРИД", Скопје** експерти и врвни инженери изработија исцрпно истражување, анализа и разработка на податоци и информации од областа на транспортната инфраструктура. Имено, Институтот ОХРИД ја имаше честа да ја публикува и промовира книгата **„Препораки за развој на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија"**. Промоцијата на книгата се одржа на **10-ти јуни, среда** а истата ја отвори и започна со воведен збор Извршниот директор на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи „ОХРИД", Скопје. За интересот и потребата за една ваква студија и книга сведочи и самата посетеност на промоцијата, имено, повеќе од 200 посетители ја следеа оваа промоција и покажаа огромна заинтересираност за истата. Промоцијата беше следена и покриена од сите медиуми во Република Македонија, а во однос на книгата еден од експертите имаше и интервју во вестите на една од најголемите медиумски куќи во Република Македонија.

Г-ѓа Билјана Јанева, Извршниот директор на Институтот ОХРИД истакна дека Република Македонија со својата исклучително поволна - централна положба на Балканскиот полуостров, претставува сообраќајна крстосница, но со досегашниот недоволен развој, посебно во насоката Исток-Запад, истото го нема валоризирано.

- *„Подобрениот транспортен систем ќе го поттикне економскиот раст ќе ја подобри персоналната мобилност на граѓаните, ќе ги намали трансакционите трошоци за бизнис и ќе ја направи државата поконкурентна и попривлечна за странски инвестиции"*- истакна г-ѓа Билјана Јанева, Извршен директор на Институтот ОХРИД, Скопје.

Во книгата Препораки за развој на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија се даваат препораки и се повикува на промени во финансирањето, технологиите и менаџирањето на транспортниот систем. Студијата заклучува дека промените се од есенцијална важност за прогресот на македонската економија.

Според Институт ОХРИД, патната и железничката инфраструктура се од особена важност за целосниот развој на Република Македонија. За таа цел,

Институтот го започна овој проект во кој се дава пресек на моменталната состојба во транспортната инфраструктура (патна и железничка), како и стручни препораки за подобрување на актуелните состојби.

Меѓудругото, оваа книга го анализира моменталниот статус на транспортниот систем на Република Македонија, каква Ви можела да изгледа долгорочната визија за подобрување на тој систем и што треба да направиме како држава за да ја претвориме стратегијата во реалност. Досега не се регистрира поопсежна анализа од невладиниот сектор на оваа тема и Институтот е особено задоволен со сопствениот придонес кон истата.

Институтот ОХРИД смета дека има неколку принципи по кои треба да се водат креаторите на политики при барањето одговори на овие прашања. Првиот е дека основната цел на нашиот транспортен систем е да го поддржи економскиот развој. Исто така, Институтот ОХРИД смета дека менаџментот на транспортниот систем треба да биде ориентиран кон корисниците. А најлесен начин да се достигне систем ориентиран кон корисниците кој ќе го поддржи економскиот развој е преку пазарно ориентираното вреднување, преку креирање на транспортна стратегија која ќе ги предвиди и одговори на потребите за кои корисниците се спремни да платат. Исто така, мора да се искористи потенцијалот на новите технологии и да се идентификуваат менаџерските и институционални промени кои ќе ни помогнат да се справиме со сериозните предизвици во транспортната политика.

Според Институтот ОХРИД транспортниот систем треба да се разгледува повеќе како целина отколку како индивидуални делови, и воедно треба да се идентификуваат ентитети од приватниот сектор, како што се камионски и други превозници и логистички и градежни компании како и стручната јавност да играат ролја во планирањето и финансирањето на системот. Зголемената конкуренција и инпутот од заинтересираните страни ќе креира поттик за промена на пристапот кон транспортната инфраструктура и креирање на јавни приватни партнерства како спротивност на сегашната тенденција за да почне со изградба но да не се заврши или да не се инвестира во нивно одржување.

Важно е да се напомене дека, Институтот ОХРИД и тројцата експерти овој труд му го посветија на д-р Александар М. Лепавцов – поранешен министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, во првата Влада на независна Република Македонија.

На присутните прв од експертите им се обрати м-р Љупчо Тодоровски, кој истакна дека воедно и идејата за изработка на овој труд ја дал д-р Александар М. Лепавцов. Меѓудругото, м-р Тодоровски даде еден историски преглед на развојот на патиштата во Република Македонија и истакна дека патните коридори кои минувале низ нејзината територија имаат долгогодишна традиција, која датира уште од антички времиња.

*„При тоа треба да се има на ум – потенцираше м-р Љ. Тодоровски дека, на развојот на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија не смее да се гледа парцијално, само во локални рамки, бидејќи развојот на патната и железничката инфраструктура кај нас е во интеракција со инфраструктурата во соседните земји, со што се придонесува и форсира интеграцијата на Република Македонија во регионот и во Европа*“.

*„Затоа можеме да констатираме дека развојот на нашата патна и железничката инфраструктура, претставува еден од основните фактори за понатамошен развој на Република Македонија“* – заврши м-р Љупчо Тодоровски во својот говор.

Во своето обраќање поддржано со соодветна презентација, д-р Зоран Кракутовски се осврна на моменталната состојба и препораките за развој на железничката инфраструктура во Република Македонија.

*„Во изминативе 50 години во сообраќајниот систем на Република Македонија, постоеше исклучително неусогласен развој во одделни сообраќајни гранки, кој неповолен однос особено беше изразен помеѓу патниот и железничкиот транспорт. За компарација на двата транспортни системи (патниот и железничкиот), патниот сообраќај од околу 8 проценти во 50-тите години, денес е зголемен на околу 92 проценти во патничкиот и околу 89 проценти во товарниот сообраќај. Успешноста во стопанскиот раст на една земја, е во директна зависност од развиеноста, односно модернизираноста на постојните сообраќајни системи и меѓусебната усогласеност на поодделните сообраќајни гранки, како и усогласеноста на превозните капацитети и сообраќајната инфраструктура“* – потенцираше д-р Зоран Кракутовски.

Во делот за патиштата, презентација на трудот даде м-р Горан Мијоски, кој изнесе ретроспективен поглед на досегашниот развој на патиштата во Република Македонија, пресек на моменталната состојба, како и препораки и заклучоци за одржлив развој на патиштата и патната инфраструктура.

Посебен осврт се даде и на едно од најдоминантните прашања во однос на патиштата и патниот сообраќај - безбедноста на сообраќајот, каде беше потенциран податокот дека во кибернетскиот модел **возач – пат – возило**, факторот **пат** како генератор на причини за сообраќајни несреќи учествува со една третина или **33%**. Според податоците на Светската здравствена организација, вкупната материјално финансиска загуба во за 2007 година во Европската Унија се проценува на 180.000.000.000 €, а сообраќајните незгоди како причинител за смртност на луѓето од 9 место во 1990 година, во 2020 година се искачуваат на 3 место во светот. Интересно беше и излагањето во поглед на изградбата на патишта (и други инфраструктурни проекти) со концесии. Беше кажано дека примената на концесиите започнува како резултат на појавеното незадоволство од функционирањето на јавните монополи, а со цел за нивно растурање и зајакнување на конкуренцијата (примарна цел), при што истотака се ослободуваат големи буџетски средства (секундарна цел). За разлика од развиените земји, земјите во развој како и Република Македонија, секундарната цел (ослободување на буџетски средства) може да има примарно значење, бидејќи тие финансиски средства можат да бидат пренасочени за реализација на други приоритетни проекти. Но од друга страна, беа изнесени искуства од праксата на повеќе држави, каде концесиите не се покажаа како доволно добри решенија.

Во поглед на изградбата на патишта во РМ од страна на м-р Горан Мијоски беше истакната потребата од доизградба на двата меѓународни патни коридори (Коридорот 8 и Коридорот 10) со компарација на конкурентните коридори во нашата околина и потребата од нивна доизградба, како би се анулирала опасноста од нивна маргинализација и спречила можноста за постанување на РМ за т.н. „слепо црево“ на меѓународната патна карта. Посебен

осврт беше даден и за состојбите со одржувањето на јавните патишта. Јасно е дека патиштата во Република Македонија се одржуваат онолку, колку што има планирано средства со Годишната програма за одржување на магистралните и регионалните патишта. Начините и методите на одржување на патиштата, најчесто се во функција на усвоената политика во областа на одржувањето, која секогаш е одраз на финансиските можности.

**Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, од Скопје**, верува дека со овој проект и овој труд не само што се дава придонес во развојот на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија, туку и се отвора поле за понатамошни стручни размислувања во оваа област, која треба да биде една од носителите на економската преродба во Република Македонија.

## Завршни препораки и заклучоци

Доколку реално ја анализираме постојната состојба на патната мрежа и ги таргетираме целите кои сакаме да ги постигнеме и фатиме приклучок со патиштата во ЕУ, потребно е да се посвети особено внимание на следново:

1. Донесувањето на суштински и квалитетни измени на Законот за јавни патишта, кои ќе придонесат тој да биде во согласност со европската регулатива;
2. Прецизно и законски регулирано финансирањето на правниот субјект, кој ќе управува со патниот сектор;
3. Трансформација на патниот сектор, со нов систем на управување и одржување на патиштата;
4. Корекција на веќе усвоените технички правилници од областа на патиштата како и донесување на сите правилници предвидени со Законот за јавни патишта;
5. Доизградба на меѓународните патни коридори 8 и 10 кои поминуваат низ РМ, не само на правецот „Север-југ“, туку и правецот „Исток-запад“, како алтернатива и можност за поврзување и излез на други морски пристаништа (Бургас, Варна, Драч, Валона)
6. Да се зголеми нивото на одржлива безбедност во сообраќајот, како и итно решавање на „црните точки“ на патиштата;
7. Снабдување со софистицирана мерна опрема и уреди за следење на состојбата на патиштата;
8. Создавање и ангажирање на врвен професионален и стручен кадар, со што ќе се зголемат постојните професионални капацитети во институциите на управувањето со патиштата;
9. Создавање на банка на податоци преку следење на основните индикатори за состојба на патиштата и воведување на соодветна софтверска техника;
10. Почитување на стручното мислење на инженерската фела и користење на нивните искуства, како и соработка со стручните здруженија на патните инженери;
11. Изработка на комплетна техничка документација и физибилити студии за неизградените патни правци.